**ВЕТО ЗА МИЛИТАРИЗМОТ**
**ЕМБАРГО ЗА НАЦИОНАЛИЗМОТ**
**НАДВОР ОД НАТО**

Мировните активисти/ки и антимилитаристи/ки од Грција и Република Македонија се среќаваат **во Скопје на 17ти Мај 2008 на заедничка јавна дискусија во хотел Континентал, со почеток во 13:00 часот.** Истиот ден ќе биде одржана и **заедничка јавна прошетка од хотел Континентал до Споменикот на децата бегалци во Жена парк**. И двете акции имаат намера да демонстрираат една алтернативна слика на актуелниот политички конфликт помеѓу Република Грција и Република Македонија. Целта на овој заеднички напор е да и се прикаже на јавноста дека постојат луѓе од обете страни кои се залагаат за соработка, толеранција и разбирање помеѓу народите кои живеат во двете држави. Исто така, активностите сакаат да манифестираат несогласување со порастот на национализмот и милитаризмот во Република Македонија и Грција како и да ја покажат заедничката посветеност на активистите/ките кон остварувањето на социјалната праведност како централно прашање.

Ние, како мировни активисти/ки од овие две земји би сакале да го кренеме гласот во еден заеднички напор и да и се спротивставиме на актуелната слика создадена од политичарите и медиите во нашите земји; слика на еден неправден баланс на моќ кој главно се базира врз милитаризмот и кој како неизбежен резултат го има порастот на национализмот во обете земји и порастот на антагонизмот помеѓу двата соседи.

Место тоа, ние повикуваме на еден однос кој е алтернатива на денешниот однос базиран врз насилство – однос кој би бил базиран врз мирна соработка, солидарност и толеранција. Заедничките пораки кои ги испраќаме се базираат врз следните вредности кои ги делиме:

- Ние се спротивставуваме на сите видови на воена соработка, вклучително и на Северната Атлантска Алијанса (НАТО), и бараме ненасилни видови на соработка со цел да изградиме мир во светот.
- Ние веруваме во правото на самоопределување на сите луѓе. Понатаму, бараме мирни односи помеѓу Република Македонија и Република Грција, базирани врз солидарноста и пријателството помеѓу луѓето.
- Бараме признавање и заштита на етничките малцински права на луѓето кои живеат во Република Македонија и Грција.
- Бараме признавање и заштита на јазиците на двете земји, официјалните и јазиците на малцинствата, зашто веруваме дека секој јазик носи културно наследство и значење, и затоа треба да е заштитен.
- Инсистираме на слободата на движење на луѓето, како во смисол на отвореност на границите помеѓу двете земји, така и слобода за политичките бегалци од Грција, кои сега живеат во Република Македонија или на друго место, да можат да се вратат во земјата од која потекнуваат.
- Понатаму, силно веруваме дека е од огромна важност луѓето од Грција и од Република Македонија да работат заедно на изградбата на одржив и траен мир. Нашата амбиција е да развиеме соработка на иницијативи кои ќе бидат релевантни на актуелниот контекст на нашите општества и кои ќе користат ненасилни методи.

Говорници на јавната дискусија се:
Ивица Антески
Кире Василев
Демостенис Пападатос
Сиси Вовоу
Боро Китаноски - фасцилитација

(Република Македонија)
Мировна акција
Граѓанска иницијатива „Не пиеме нафта“
Иницијатива против НАТО! Против Македонија во НАТО
Центар за одржливост и напредна едукација

(Грција)
АНТИНАЦИОНАЛИСТИЧКА АНТИМИЛИТАРИСТИЧКА ИНИЦИЈАТИВА
Иницијативата е поддржана од:
Лигата на приговарачите на совест
Мрежа за политички и социјални права
Членовите на поранешната Антивоена Антинационалистичка Кампања
Политичка организација КОККИНО
Младина на Синасписнос
ОКДЕ (Спартакос)
Граѓани против национализам
Интернационалната Работничка Левица
Слободарска иницијатива на студентите на Факултетот за Филозофија, Универзитет на Атина

Контакт лица:


- Китаноски Боро
  071 950 627 – мобилен
  048 401 888 – канцеларија

- Алексиа Тсоуни (зборува Англиски, Грчки и малку Македонски јазик)
  +30 69 74 46 12 10 - мобилен